Уверени дека со употребата на трговската арбитража при спроведувањето на правилна и брза постапка се воспоставува доверба и стабилност во меѓународната трговија, Постојаниот избран суд при Стопанската комора на Македонија (во натамошниот текст: ПИС-СКРМ), и Сталното избрано судиште при Хрватската господарска комора (во натамошниот текст: СИС-ХГК), на 14.04.1997 година, склучија

# СПОГОДБА ЗА СОРАБОТКА
# НА ПОДРАЧЈЕТО НА ТРГОВСКАТА АРБИТРАЖА

1. ПИС-СКРМ и СИС-ХГК ќе соработуваат во популаризацијата на арбитражата како средство за решавање на спорови кои произлегуваат од меѓународното трговско работење.

2. ПИС-СКРМ и СИС-ХГК ќе се трудат да ја прошират употребата на арбитражата под нивно покровителство со одржување на предавања, конференции, семинари, како и со други средства.

3. ПИС-СКРМ и СИС-ХГК, на барање, една на друга ќе обезбедуваат простории и административни услуги за преземање работи во арбитражните постапки. Трошоците ќе паднат на товар на установата која бара помош.

4. ПИС-СКРМ и СИС-ХГК ќе разменуваат известувања и, кога е можно, предавања и публикации од заеднички интерес на полето на трговската арбитража.

5. ПИС-СКРМ и СИС-ХГК ќе препорачуваат решавање на трговски спорови меѓу правни субјекти од Република Македонија и Република Хрватска, а во соодветни случаи, договарање на следните арбитражни клаузули:

"Сите спорови што произлегуваат од овој договор, вклучувајќи ги и споровите за неговата важност, толкување или престанок, конечно ќе се решат исклучително со арбитража пред арбитражниот суд составен и администриран во согласност со член 6 и 7 од арбитражната спогодба склучена меѓу Постојаниот избран суд при Стопанската комора на Македонија (ПИС-СКРМ) и Сталното избрано судиште при Хрватската господарска комора (СИС-ХГК)."

Прилог 2

Тарифа

Административни трошоци *) *** )

| Вредност на предметот на спорот во германски марки (ГМ) | | Износ на хонорарот:основица(Ц) и процент (Д) за износ над (А) во ГМ | |
|---|---|---|---|
| од (А) | од (Б) | основица (Ц) | % (Д) |
| | 10,000 | 500 | |
| 10,000 | 50,000 | 500 | 1 |
| 50,000 | 500,000 | 900 | 0,2 |
| 500,000 | 5000,000 | 1800 | 0,04 |
| 5000,000 | повеќе | 3600 | 0,005 |

Хонорар на арбитражниот суд **) ***)

| Вредност на предметот на спорот во германски марки (ГМ) | | Износ на хонорарот: основица(Ц и процентот (Д) за износот над (А) во ГМ | |
|---|---|---|---|
| од (А) | до (Б) | основица (Ц) | % (Д) |
| | 10,000 | 5 | |
| 10,000 | 50,000 | 500 | 5 |
| 50,000 | 100,000 | 2,500 | 3 |
| 100,000 | 200,000 | 4,000 | 2,5 |
| 200,000 | 500,000 | 6,500 | 2 |
| 500,000 | 1000,000 | 12,500 | 1 |
| 1000,000 | 2000,000 | 17,500 | 0,5 |
| 2000,000 | 5000,000 | 22,500 | 0,3 |
| 5000,000 | 10,000,000 | 31,500 | 0,1 |
| 10,000,000 | 50,000,000 | 36,500 | 0,05 |
| 50,000,000 | повеќе | 56,500 | 0,01 |

*) Наведените износи ги содржат исклучиво административните трошоци на арбитражниот суд, но не ги содржат издатоците за арбитрите, наградата и издатоците за вештакот , трошоците за превод и други издатоци.

***) За одредување на административните трошоци и хонорари наведените единици се пресметуваат посебнио и се вбројуваат.

**)Наведените износи се хонорарите за арбитрите поединци. Ако постапката се води пред арбитражниот совет , тие можат да се зголемат три пати.

***) За одредување на административните трошоци и хонорари наведените единици се пресметуваат посебно.

Странките можат, ако сакаат, да ги договорат следните дополнителни одредби:

Бројот на арбитрите е..............(еден или тројца)
Право на применување е....................................
Јазикот / јазиците на арбитражната постапка е (се)........."

6. Ќе се смета дека оваа арбитражна клаузула (или поинаку формулирана арбитражна клаузула од што може да се заклучи дека странките сакале да договорат арбитража според оваа спогодба) ќе ги содржи следните одредби:

Сите спорови кои произлегуваат од оваа спогодба, вклучувајќи ги и споровите за нејзината важност, толкување или престанок, ќе се решаваат пред арбитражниот суд во согласност со арбитражните правила на УНЦИТРАЛ во верзијата од 1977 година (прилог 1), со измените наведени во член 6 и 7 од оваа спогодба.

Отстапувајќи од одредбите на арбитражните правила на УНЦИТРАЛ, известување за покренување на арбитражна постапка (член 3), тужба (член 18) и одговор на тужба (член 19 ) треба да се поднесе до секретаријатот на арбитражниот суд (Постојаниот избран суд при Стопанската комора на Македонија, односно Сталното избрано судиште при Хрватската господарска комора) на онаа договорна странка чиј претседател во согласност со точката а) или б) од овој напис е овластен за именување. Секретаријатот ќе ја извести другата странка, ќе ги одреди потребните рокови и ќе се грижи за конституирање на арбитражниот суд (член 6 до 8), имајќи ги предвид одредбите на член 7 од оваа спогодба; понатаму, ќе ги одредува трошоците на арбитражната постапка (член 38 до 40) во согласност со тарифата што ја одредиле договорните странки за оваа спогодба (член 2), ќе ја одредува висината на трошоците што треба да се уплатат кај нив (член 41) и ќе чуваат 10 години по еден примерок од актите и арбитражните одлуки.

Овластен за именување е:

а) за спорови меѓу странки кои имаат седиште на територијата на Република Македонија со странки кои имаат седиште на територијата на Република Хрватска:

-претседателот на Постојаниот избран суд при Стопанската комора на Република Македонија, Скопје, ако тужителот (односно противтужениот) има седиште на територијата на Република Хрватска;

-претседателот на Сталното избрано судиште при Хрватската господарска комора, Загреб, ако тужителот (противтужениот) има седиште на територијата на Република Македонија;

б) за спорови меѓу странки кои имаат седиште на територијата на Република Македонија или на Република Хрватска со странки кои имаат седиште на територијата на трети земји:

-претседателот на Постојаниот избран суд при Стопанската комора на Македонија ако една странка има седиште на територијата на Република Хрватска;

-претседателот на Хрватската господарска комора, Загреб, ако една странка има седиште на територијата на Република Македонија.

7. При ПИС-СКРМ и СИС-ХГК постои заедничка листа на арбитри (прилог 3), на која секоја договорна странка именува до 6 (шест) лица способни за извршување на функцијата арбитер.

Оваа листа е обавезна за овластените лица за именување, а за странките е само индикативна, но за арбитер може да се избере само лице кое ќе потпише договор за извршување на функцијата арбитер чиј образец договорните странки го приложуваат кон оваа спогодба (прилог 4).

8. Договорните странки за целите на оваа спогодба имаат заедничка табела за трошоци за хонорар на арбитрите и административните трошоци (прилог 2). Трошоците за хонорар на арбитрите, административните трошоци и материјалните издатоци ќе се пресметуваат во германски марки (ГМ).

9.Оваа спогодба е составена во 4 (четири) идентични примероци на македонски и на хрватски јазик, а влегува во сила со денот на потпишувањето.

| | |
|---|---|
| **Постојан избран суд при Стопанската комора на Македонија** | **Стално избрано судиште при Хрватската господарска комора** |
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ** |
| **Проф. Д-р Александар Николовски** | **Проф. Д-р Синиша Трива** |